**20192774382**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, во вкупен износ од 12.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку 20 грантови во износ од 600.000,00 денари, за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

- промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија, унапредување на човековите права и јакнење на владеењето на правото;
- воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието (преку еднакво и квалитетно образование за сите и градење на концепт на доживотно учење), здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството;
- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;
- зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење;
- развивање на социјалното претприемништво и спроведување на мерки со кои младите полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата;
- дигитална трансформација при испорака на услуги за граѓаните и бизнисите и подигнување на јавната свест за сајбер безбедност;
- подигнување на јавната свест и едукација на населението за значењето на животната средина, намалувањето на влијанијата од климатските промени и постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови.

3. Постапката за распределување на средствата од точка 1 од оваа програма ќе се спроведе согласно на добрата практика за обезбедување финансиска поддршка од Владата на Република Северна Македонија, утврдена со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

4. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

5. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршувањето на своите програмски активности ќе достават извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јануари 2021 година.

6. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28 февруари 2021 година.

7. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година“.

Бр. 45-10059/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.